REHAU
Unlimited Polymer Solutions



# СЕКОГАШ ПРИЈАТНА ТЕМПЕРАТУРА
## Контрола на температурата на подното греење со НЕА СМАРТ 2.0



Вашите сопствени четири ѕида. Посебно место, каде што секогаш треба да се чувствувате пријатно. Клучна точка: пријатна собна температура. Не е ни чудо што сè повеќе луѓе го избираат подното греење. Но, притоа честопати е игнорирана одлучувачката точка: пријатна атмосфера може да се постигне само со вистинската техника за регулирање на температура. Со регулирање на температурата во секоја просторија посебно, може да се постигне удобност во секое време - индивидуално за секоја просторија.

**Откријте го НЕА СМАРТ 2.0 (NEA SMART 2.0), регулатор на собна температура, за секоја просторија посебно, кој обезбедува посебни моменти на удобност, со своите смарт функции. Затоа што тоа го заслужувате.**




Овие и многу други предности ги нуди НЕА СМАРТ 2.0 (NEA SMART 2.0)

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Секогаш удобна температура | До 20 % Заштеда на енергија | Висок квалитет, елегантен дизајн | Интуитивна контрола, можно и преку апликација | Целосно, долгорочен систем |




Од март 2019 година, Alexa ги поддржува следниве јазици: англиски, француски, германски, италијански и шпански.



# МОЈОТ СИСТЕМ ЗА ГРЕЕЊЕ МЕ СЛУША

## Пријатна температура во секое време - можна е и гласовна контрола

Удобност е кога владее вистинската температура, секаде каде што сакате. Уште поголема удобност е кога не треба да се грижите за тоа. НЕА СМАРТ 2.0 (NEA SMART 2.0) учи од Вашето однесување и како го користите греењето и автоматски се прилагодува - без Ваша интервенција. Ако сакате рачно да интервенирате, тоа е можно во секое време: на самиот уред, или од било каде во светот, преку апликација или гласовна контрола преку Амазон Алекса (Amazon Alexa).

# МОЈОТ СИСТЕМ ЗА ГРЕЕЊЕ ЗНАЕ КОГА СИ ДОАЃАМ ДОМА

Благодарение на геофенсинг (Geo-fencing) технологијата, НЕА СМАРТ 2.0 (NEA SMART 2.0) го вклучува системот за греење/ладење само кога сте дома - или сте на пат кон дома.

Удобност, исто така, значи дека не мора да се грижите за следната сметка за греење. Благодарение на НЕА СМАРТ 2.0 (NEA SMART 2.0) регулаторот на собна температура, можете да одредите точно кога, во која просторија, колкаво загревање или ладење е потребно. Заедно со смарт функциите, како што е на пример: препознавање кога прозорецот е отворен, можете лесно да заштедите до 20% енергија.



## Еве како функционира геофенсинг (Geo-fencing) технологијата на НЕА СМАРТ 2.0 (NEA SMART 2.0):

22 °C

Кога сте дома, НЕА СМАРТ 2.0 (NEA SMART 2.0) ја поставува температурата на која се чувствувате пријатно.

18 °C

Кога го напуштате домот, НЕА СМАРТ 2.0 (NEA SMART 2.0) ја намалува температурата и штеди енергија

# СИСТЕМ КОЈ ЕДНОСТАВНО ОДГОВАРА НА МОЈОТ СТИЛ

Висококвалитетен изглед, елегантен дизајн во две атрактивни бои





Што прави добриот дизајн? Совршено се интегрира во вашиот дом. И баш како што сакате - едноставно и ненаметливо во бело или како вистинско огледало, во црно. Ако нешто посебно Ви се допадне, тоа ќе биде осветлената рамка на НЕА СМАРТ 2.0 (NEA SMART 2.0) - исто како и современиот LED-Matrix екран.



# ДОБРО Е ДА СЕ ЗНАЕ, ДЕКА ДОМА СÈ Е ВО РЕД

Со апликацијата, секогаш имате сè под контрола - дури и во движење

Со НЕА СМАРТ 2.0 (NEA SMART 2.0) секогаш имате добро чувство. Со интуитивната корисничка апликација, можете на прв поглед да видите дали дома е сè во ред - од каде било во светот, во секое време. И ако некогаш заборавите да го исклучите греењето, ќе можете тоа да го сторите додека сте надвор. Ако Ви треба помош и техничка поддршка, вашиот инсталатер може брзо и лесно да Ви помогне со помош на далечинско одржување.



## Во време на дигитализација и интернет на нештата, Вашите податоции се скапоцени!

Како германска компанија, се разбира дека ги третираме Вашите податоци со најголема грижа и ги користиме само за намени за кои имаме добиено овластување од Вас - односно за контрола на греењето.

# СЕ ЧУВСТВУВАМЕ ПРИЈАТНО НАСЕКАДЕ ВО ДОМОТ

Уживајте во пријатната клима, со совршено координиран целосен систем на РЕХАУ





Во светот кој брзо се развива, трајните вредности се нешто посебно. Како компанија на пазарот за греење со постојана вредност и големина, РЕХАУ важи за одржлив партнер на кој може да му се верува. Поради тоа што сите компоненти - од цевката за греење до системот за регулација - доаѓаат од еден извор и на тој начин совршено се совпаѓаат еден со друг. За поголема флексибилност, постојат системи за површинско греење на под и таван, со дополнителна функција за ладење. Вистински пријатна температура.



# ГО САКАМ ЧУВСТВОТО НА ОПУШТЕНОСТ И БЕЗ СТРЕС

НЕА СМАРТ 2.0 (NEA SMART 2.0) е совршен за реновирање – без нечистотија

Ако сакате да уживате во удобноста со НЕА СМАРТ 2.0 (NEA SMART 2.0), не морате да вградите нов систем, бидејќи нашата регулација на собна температура е совршена за реновирање. Постоечките уреди можат брзо и лесно да се заменат со НЕА СМАРТ 2.0 (NEA SMART 2.0). Благодарение на безжичната технологија, поврзувањето со кабел е непотребно – без копање и малтерисување. Но, дури и жичената верзија е погодна како решение-замена на речиси сите постоечки системи.






Без разлика кога и каде: со апликацијата секогаш имате контрола!
Едноставна и интуитивна НЕА СМАРТ 2.0 (NEA SMART 2.0) апликација е достапна за iOS и Android.

Laden im App Store

GET IT ON Google Play

Apple и Apple logo се трговски марки на Apple Inc. регистрирани во САД и други земји и региони. App Store е сервисна марка на Apple Inc.

Google Play и Google Play Logo се трговски марки на Google Inc.

© РЕХАУ дооел
ул. Борис Трајковски 76б
1000 Скопје, Македонија
www.rehau.mk